

*СВЕТСКИ МАКЕДОНСКИ КОНГРЕС*

**СТОЛТЕНБЕРГ ГО НАВРЕДИ МАКЕДОНСКИОТ НАРОД, НАТО НЕ Е ДОСТОЕН ЗА ПРОМЕНА НА ИМЕТО НА ДРЖАВАТА И ИДЕНТИТЕТОТ НА НАЦИЈАТА!**

18 јануари 2018 година, Скопје, Македонија

- Светскиот Македонски Конгрес (СМК) со разочарување го проследи обраќањето на генералниот секретар на НАТО Јенс Столтенберг во Собранието на Република Македонија, бидејќи ниту еднаш не го спомна името на државата во чијшто Парламент се обраќа.

СМК го осудува барањето на Јенс Столтенберг за промена на името на државата и идентитетот на нацијата во закондоавниот дом на државата Македонија!

СМК изразува разочарување од пратениците во Собранието на Република Македонија, од кои ниту еден вербално или со транспарент не му даде до знаење на Јенс Столтенберг дека се обраќа во Парламентот на државата Македонија, дека е достојно барем еднаш да го каже името на државата каде што престојува.

СМК ги поздравува сите пред Собранието кои изразија револт против НАТО Алијансата.

Македонците и натаму бараат безусловен крај на разговорите за разликата за државното име со Владата во Атина, со нота од Претседателот на Републиката до Генералниот Секретар и Резолуција до Генералното Собрание за продолжување на

членството во Обединетите Нации и во сите меѓународни организации под државното име Македонија, со можност за употреба на уставната додавка “Република“, како јасна разлика од истоимената северна провинција на Република Грција и југозападна провинција на Република Бугарија, без латинична транскрипција на македонскиот јазик (Republika Makedonija) туку на англиски јазик “Republic of Macedonia“, (соодветно на Република Ирска и Обединетото Кралство Велика Британија и Северна Ирска), со меѓународниот код МК односно МКД и нотификација на Македонскиот народ и Македонскиот јазик, на англиски јазик “Macedonian people“ и “Macedonian language“, независно од историските хипотеки на Балканските војни 1912-1913 година - окупацијата врз Македонија и геноцидот врз Македонскиот народ кои се’ уште траат.

**ЕУ и НАТО не се достојни за промена на името на државата и идентитетот на нацијата.**

СМК ја предупредува Владата дека промената на името на државата и идентитетот на нацијата не претставува демократија, слобода на уверувањето, совеста, мислата и нејзино јавно изразување, ниту слобода на говорот, туку флагрантно кршење на меѓународното право и на Уставот на државата Македонија, геноцид врз Македонскиот народ и злосторство против човештвото кое не застарува, како и најтешко кривично дело велепредавство, што ќе биде казнето со доживотен затвор и конфискација на целиот имот на семејството, дома и во светот!